РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

## ЗАПИСНИК бр.6/2012
## од одржан состанок на Советодавното тело

На ден 05.09.2012 година Советодавното тело, одржа состанок во просториите на Царинската управа со почеток во 11:00 часот, во состав:

- Драган Ивановски – заменик координатор,
- Ѓорги Наумовски – помошник директор на Секторот за царински систем,
- Билјана Муратовска – претставник на МАКАМТРАНС,
- Оливера Миовска и Драган Ивановски- Претставници на СИЗ Македонија ообраќај - АМЕРИТ,
- Ѓино Шкријељ и Стојче Василев- претставници на Групацијата на шпедитери и логистички оператори - МИФА,
- Јасна Петковска - претставник на Сојузот на стопански комори на РМ,
- Наташа Сивевска – претставник на Текстилниот кластер,
- Билјана Пеева, Митко Митевски и Љубица Нури – претставници на Стопанската комора на РМ
- Мишел Османли – претставник на Американската стопанска комора во РМ
- Гордана Димитровска – претставник од Министерството за информатичко општество и администрација,
- Ренезијана Кипријанова – сектретар

со следниот **Дневен ред**:

1. Усвојување на записникот од одржаниот состанок на 25.07.2012 година
2. Разгледување и ревидирање на евиденцијата на донесени заклучоци на Советодавното тело, согласно доставените забелешки од членките
3. Разгледување на предлозите не Стопанската комора на РМ во врска со унапредувањето на јавно – приватното партнерство на Царината со деловната заедница
4. Изготвување на Нацрт план за обуки и работилници согласно потребите на деловната заедница
5. Разно

**По првата точка** беше разгледан записникот од состанокот одржан на 25.07.2012 година при што од страна на претставниците на АМЕРИТ беше дадена забелешка на заклучокот на точката 5, а поврзано со реализацијата на точка 10 од Евиденцијата на донесени заклучоци која се однесува на обврската на воспоставување на приоритетна лента за побрз проток на возила натоварени со свежа стока и на возила кои возат под режим ТИР.

Советодавното тело го преформулира **заклучокот** по оваа точка: Советодавното тело да иницира состанок со претставници од МВР со цел да се утврдат можностите за воведување на приоритетни ленти согласно заклучоците ва Владата на РМ.

Претставникот од Текстилниот кластер стави забелешка на точката 3 од записникот која се однесува на спроведување на постапката на царинење на малите пратки при што побара дополнување дека Царинската управа треба да размисли за воведување на 24 часовно работно време во царинските испостави каде што се царинат пратки кои доаѓаат со брза пошта.

Со прифаќањето на овие забелешки, Записникот од состанокот одржан на 25.07.2012 година беше усвоен.

**По втората точка** беа разгледани активностите од Евиденцијата на донесени заклучоци по кои беа дадени конкретни задолженија на претставниците на деловната заедница.
Во врска со заклучокот бр.1, претставникот од МАКАМТРАНС презентираше искуства во делот на одредување на мандатни казни во некои европски држави и презентираше примери на кој начин се врши мандатното казнување и водењето на прекршочна постапка во Италија, Швајцарија, Германија и Унгарија. (Доставените примери се составен дел на овој записник). Претставникот од МИФА, смета дека при определувањето на мандатни казни не се води сметка дали дали прекршокот е намерен или не, или пак не се води сметка за фактот кога учесниците во царинската постапка сами пријавуваат случајни грешки и дека мандатни казни им се определуваат и на шпедитерите.
**Заклучок:** Да се организира заеднички состанок помеѓу засегнатите членки на Советодавното тело и претставници од Одделението за одлучување по прекршок во Царинската управа, со цел да бидат разјаснети отворените прашања кои се однесуваат на спроведувањето на постапката на порамнување во случаите кога има царински прекршок.

Претставникот од МИФА побара уште еднаш да се разгледа можноста за дозволување на пристап во апликацијата БОРДЕР на имателите на одобренија за поедноставени постапки за побрзо и полесно раздолжување на гаранциите, но со оглед на фактот дека постоечката апликација од безбедносни причини не може да биде користена од страна на надворешни лица, од страна на претставниците на Царинската управа беше појаснето дека со воведување на NCTS ќе се воведе и ефикасен начин на раздолжување на гаранциите, така што овој проблем наскоро ќе биде надминат.

Претставникот на Текстилниот кластер достави информација по точка 11 од Евиденцијата која се однесува на воведување на определени сертификати за квалитет на текстилни производи кои се увезуваат од Кина.
**Заклучок:** Информацијата да се стави како посебна точка на дневен ред за наредниот состанок на Советодавното тело и за сите отворени прашања да се изготви сублимиран допис кој се однесува на сите заклучоци кои се поврзани со работата на инспекциските органи и да се достави до надлежните инспекциски органи. Исто така коморите да составaт листа на производи за кои што сметаат дека недостасуваат стандарди, како и да дадат предлози за спроведување на контрола на примена на стандардите.

**Заклучок:** Во врска со заклучокот бр.13 за наредниот состанок да се подготви Анекс за проширување на Меморандумот за формирање на Советодавното тело и да се поканат претставниците од Германската стопанска комора во РМ и здружението за превоз на патници „Исток".
**Заклучок:** Во врска со заклучокот бр.19, за наредниот состанок Царинската управа да достави информација дали е намалено времето на чекање за користење на алтернативна хартиена процедура во EXIM.
**Заклучок:** Во врска со заклучокот бр.31, Царинската управа да го разгледа барањето Асоцијацијата на шпедитери и да информира на наредниот состанок дали може да се дозволи намалување на гаранцијата на имателите на одобренија за простории за привремено чување.

**По третата точка** беа разгледани предлозите на Стопанската комора на РМ доставени до Царинската управа, а кои се однесуваат на неколку полиња на соработка.
Претставниците на Стопанската комора побараа предлозите за нови регулативи кои се доставуваат на мислење до комората да се доставуваат со разумен рок на произнесување, бидејќи сметаат дека рокот од два до три дена е многу краток.
Претставникот од Асоцијацијата на шпедитери побара:

- на Стопанската комора да и се овозможи во соработка со Царинската управа да организира обуки за кандидатите кои имаат намера да полагаат стручен испит за лиценциран застапник, како и да се организираат соодветни обуки и за лиценцираните застапници во смисла на освежување на знаењето, како и
- да и се овозможи на Асоцијацијата на шпедитери за потребата на застапниците да отпечати определен број на прирачници за царинење и останата литература која се однесува на спроведување на царинските постапки кои понатаму би се продавале

**Заклучок:** За овие барања да биде организиран посебен состанок помеѓу Царинската управа и Стопанската комора на РМ.

Стопанската комора побара за потребите на билатераните коморски активности да и се доставуваат податоци за структурата, обемот и регионалната насоченост на извозот и увозот, за што беше одговорено дека овој вид на податоци може да се доставува само со согласност на учесниците во царинската постапка.
**Заклучок:** Царинската управа да провери во Дирекцијата за заштита на личните податоци и ќе ја информира Стопанската комора.

Исто така беше предложено да биде организиран заеднички мониторинг на прекуграничните процедури, со цел заедничко согледување на функционирање на граничните премини и нивно унапредување. Овој мониторинг би се одвивал во соработка со полициските органи и инспекциските служби на граничните премини Ќафасан, Блаце, Богородица и Табановце и од македонска страна и од соседните држави, за што би се определиле координатори од Царинската управа и Стопанската комора.

**Заклучок:** Овој предлог да биде разгледан во Царинската управа во најскоро време и да биде доставена информација до Стопанската комора.

**По четвртата точка** помошникот директор на Секторот за царински систем ги информираше присутните за напредокот во воведувањето на новиот компјутеризиран транзитен систем (NCTS) и потребата за организирање на обуки за деловната заедница и учесниците во транзитната постапка. Првата обука ќе се одржи во Скопје во септември и ќе биде наменета за шпедициите и изведувачите на софтвер.
**Заклучок:** Асоцијацијата на шпедитери и логистички оператори да стапи во контакт со познатите фирми изготвувачи на софтвер за шпедитерско-царинско работење со цел да се извршат потребните подготовки, а Царинската управа да достави писмено известување до МАСИТ.

Претставникот на Текстилниот кластер извести за одржување на Семинар за пристап до пазари, договори за трговија и царински регулативи, во септември 2012 година, за што побара присуство на претставници од Царинската управа кои би зеле учество на семинарот. За таа цел е потребно писмено да се обратат до Царинската управа.

**По петтата точка** претставникот на Асоцијацијата на шпедитери информираше дека во Царинарница Куманово имаат недоразбирања со царинските органи околу поднесување на царински декларации. Имено, било барано лицето кое ја подготвило царинската декларација, истата и да ја поднесе, односно се бара физичко присуство на лиценцираниот застапник.
**Заклучок:** Царинската управа да ги провери причините поради кои ЦИ Куманово бара лицето кое ја подготвило царинската декларација, истата и да ја поднесе, односно се бара физичко присуство на лиценцираниот застапник, и за утврденото да ја извести Асоцијацијата.

Претставниците од АМЕРИТ информираа за одржувањето на вториот Интернационален саем за транспорт и логистика кој ќе се одржи во Скопје во периодот од 26 – 29.10.2012 година и побараа партиципирање на Царинската управа во организирање на настаните на саемот.

Со исцрпување на дневниот ред, беше договорено наредниот состанок да се одржи на 04.10.2012 година во 11.00 часот во Царинската управа.

Како посебен прилог кон овој записник е Евиденцијата на донесени заклучоци.

Бр. 10-004786/12-15
Скопје, 12.10.2012
12. 10. 2012

Координатор
Методи Мицевски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЦАРИНСКА УПРАВА МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ СКОПЈЕ